20240401065

## НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Врз основа на членот 66 став 1 точка а) од Законот за медијација (*)(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.294/21), Националниот совет за медијација, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ И УКИНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИ ВО МЕДИЈАЦИЈА

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на издавање и укинување на лиценци во медијацијата.

## II.НАЧИН НА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИ ЗА МЕДИЈАТОРИ

### ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИ ЗА МЕДИЈАТОРИ

Член 2

Издавањето на лиценца за медијатор, започнува со поднесување на барање за издавање лиценца од страна на деловно способно физичко лице, до Националниот совет за медијација (во натамошниот текст: Советот).

Кон барањето од став 1 на овој член, се приложува:

- уверение за положен испит за медијатор издадено од Министерството за правда (во натамошниот текст: Министерството),
- доказ за деловна способност и
- доказ за извршена уплата согласно Тарифник за висината на реално направените трошоци за издавање на лиценци на медијатори, лиценци за медијатори во специфични области, обучувачи на медијатори и акредитациите.

Документите од став 2 на овој член, се приложуваат во оригинал или како копии заверени на нотар.

По исклучок од ставот 1 на овој член, лицата од член 68 од Законот за медијација (*), кон барањето при издавање на лиценца на неопределено време ја приложуваат единствено стекнатата временски ограничена лиценца за медијатор во оригинал или како копија заверена на нотар.

### ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА НА МЕДИЈАТОРИ ВО СПЕЦИФИЧНИ ОБЛАСТИ

Член 3

Издавањето на лиценца за медијатор во специфични области, започнува со поднесување на барање до Советот.

Кон барањето од став 1 на овој член, се приложува:

- лиценца за медијатор,
- доказ за завршена обука во специфичната област,
- доказ за деловна способност и

- доказ за извршена уплата согласно со Тарифник за висината на реално направените трошоци за издавање на лиценци на медијатори, лиценци за медијатори во специфични области, обучувачи на медијатори и акредитациите.

## ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИ НА ОБУЧУВАЧИ НА МЕДИЈАТОРИ

Член 4

Советот издава лиценца за обучувач на медијатор на лицата согласно одредбите на Законот за медијација (*).

Издавањето на лиценца за обучувач на медијатор, започнува со поднесување на барање до Советот.

Кон барањето од став 1 на овој член, се приложува:

- лиценца за медијатор
- доказ за деловна способност
- сертификат/потврда за завршена обука за обучувачи на медијатори од најмалку 32 часа во Република Северна Македонија, односно странство во последните две години или универзитетска диплома за завршено високо образование VII/I или 300 кредити според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) во Република Северна Македонија во областа на медијацијата, решавањето на конфликти, преговарањето, односно мирењето или решение за признавање на соодветна високо - образовна квалификација стекната во странство во соодветната област издадено од Министерството за образование и наука;
- уверение од Комората за упис во Именикот за статус медијатор;
- потврда од Министерството за упис во Регистарот за најмалку 20 постапки со склучени спогодби во медијација и
- доказ за извршена уплата согласно Тарифник за висината на реално направените трошоци за издавање на лиценци на медијатори, лиценци за медијатори во специфични области, обучувачи на медијатори и акредитациите.

Документите од став 2 на овој член, се приложуваат во оригинал или како копии заверени на нотар.

## III. НАЧИН НА УКИНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИ ЗА МЕДИЈАТОРИ

## УКИНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИ ЗА МЕДИЈАТОРИ

Член 5

Советот ја укинува (одзема) лиценцата на медијатор поради:

- непоседување на полиса за осигурување и нејзино ненавремено обновување,
- неплаќање членарина на Комора во предвидениот рок,
- невнесување на примени барања за медијација во Регистарот кој го води Министерството,
- одбивање без оправдана причина на континуираното стручно усовршување и унапредувањекое е организирано од Комора на медијатори на Република Северна Македонија (16 часа континуирано стручно усовршување и унапредување),
- непочитување на одредбите од Законот за медијација (*), (начелата и постапката на медијација) и подзаконските акти на Комора,
- непочитување на други закони и подзаконски акти поврзани со медијацијата,
- злоупотреба на моќ во орган на управување во Комората /или слично со цел прибавување предмети за медијација за себе/личен развој и лична корист наместо создавање придобивки за медијаторите и медијацијата,

- недозволување на присуство на четири постапки за медијација,
- голема диспропорција на бројот на предмети (постапки) за медијација пред и после стапување на функција во органи на управување во Комората,
- работа на предмети (постапки) за медијација без обновена (продолжена) лиценца за работа или
- негативно одлучување од страна на Советот по добиената претставка/и против медијаторот за негова повреда при вршење на медијаторските работи.

По престанување или укинување на лиценцата на медијатор, Советот ја известува Комората со цел Комората да го избрише медијаторот од Именикот на медијатори. Известувањето советот го доставува и до Министерството.

## УКИНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИ ЗА МЕДИЈАТОРИ ВО СПЕЦИФИЧНИ ОБЛАСТИ

Член 6

Советот ја укинува (одзема) лиценцата на медијатор во специфични области поради причините утврдени во член 5 од овој правилник.

По укинувањето на Лиценцата на медијатор во специфични области, Советот ја известува Комората со цел Комората да го избрише медијаторот од Именикот на медијатори. Известувањето советот го доставува и до Министерството.

## УКИНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИ ЗА ОБУЧУВАЧИ НА МЕДИЈАТОРИ

Член 7

Советот ја укинува (одзема) лиценцата на обучувач на медијатори ако:

- не ги почитува одредбите од Законот за медијација (*) и
- има негативна оценка од листите за евалуација на лицата кои учествувале на обуките спроведени од обучувачот на медијатори.

По престанување или укинување на Лиценцата на обучувачи на медијатор, Советот го брише медијаторот од Регистарот и за тоа писмено го информира Министерството.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на издавање и укинување на лиценци во медијација, бр.01-1630/1 од 6.6.2023 година.

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Број 20-581/1
5 февруари 2024 година
Скопје

Национален совет за медијација
Национален координатор
д-р **Јелисавета Георгиева Јовевска**, с.р.